ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва и на член 51 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на Друштвото, по разгледувањето на предложените измени на Статутот на друштвото, на седницата одржана на ден 1.4.2026 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за измена и дополнување на Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

(1) Се врашат измени и дополнувањара на Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје бр. 02-2631/2 од 25.04.2024 година како што следи:
(2) Се менува Член 1 од Статутот на Друштвото, и на негово место се запишува нов член кој гласи:
„Со овој Статут се уредува организацијата, начинот на работење, органите на управување и нивните надлежности, правата и обврските на акционерите и други прашања од значење за работењето на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД.
Друштвото работи под назив „Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје“, со скратено име „Реплек АД “
Акционерското друштво кое врз основа на овој Статут е запишано во трговскиот регистар е единствен правен следбеник на Акционерското друштво за медицинско снабдување на големо и мало увоз-извоз "Реплек-Македонија" ц.о. - Скопје кое беше запишано во судскиот регистар..“
(3) Член 2,3 и 4 од Статутот се бришат.
(4) Член 5 од статутот станува член 2 и се менува така што зборовите “продолжува да работи“ се заменуваат со зборовите „е основано“.
(5) Член 6 станува член 3 и после зборовите „правно лице“, се додаваат зборовите „акционерско друштво“.
(6) Член 7, станува член 4, а во став 1 и 2 се брише зборот „Скопје“.
(7) Член 8 станува член 5. По првиот став, се додава втор став кој гласи:
„Заштитниот знак на Друштвото се состои од стилизирана кирилична буква „Р“, формирана од графички приказ на таблета и капсула кои се преклопуваат, при што округлиот елемент ја претставува таблетата, а издолгениот елемент ја претставува капсулата. Логото се користи во примарни пастелни бои, и тоа: светлосина, светлозелена, светлопортокалова и жолта боја.“
(8) Член 9, 10 и 11, стануваат член 6,7 и 8 следствено.
(9) Член 12, се брише, станува член 9 и гласи:
Предмет на работење на Друштвото се сите дејности утврдени со Националната класификација на дејностите освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или друг надлежен орган, како и одделни дејности за кои Друштвото има согласност, дозвола или друг акт на државен орган или друг надлежен орган, и тоа
   - Трговија на големо со фармацевтски производи
   - Трговија на големо со друга храна
   - Неспецијализирана трговија на големо со храна

(10) Член 13, станува член 10. Од членот се бришат зборовите „без упис во трговскиот регистар“.

(11) Се запишува нов член 11, кој гласи:

„Друштвото може да врши дејности од предметот на работењето надвор од седиштето на Друштвото преку подружници.

Основање и престанување на подружницата на Друштвото се врши со донесување на одлука од Управниот одбор а по претходно одобрение од Надзорниот орган.

Организирањето и бришењето на подружницата се забележува во регистарската влошка во којашто е запишано Друштвото.“

(12)Членовите 14, 15,16,17,18,19,20,21,22,23, 24, 25 и 26 го менуваат редниот број, и истите стануваат 12,13, 14, 15,16,17,18,19,20,21,22,23 и 24, следствено.

(13) После член 26, (сега 24) од Статутот Се додава нова глава V која гласи:

V „Заштита и еднаков третман на акционерите“,
и членовите:

Член 25

Друштвото обезбедува еднаков третман на сите акционери кои се наоѓаат во иста положба.

Се забранува секоја форма на директна или индиректна дискриминација на акционерите врз основа на: број на акции, големина на удел, националност, статус (малцински, мнозински, странски) или било која друга околност што не е поврзана со правната природа на акциите.

Сите обични акции издадени од Друштвото носат еднакви права, вклучително и:

- право на глас (една акција – еден глас),
- право на дивиденда,
- право на учество во распределба на ликвидациона маса,
- право на информации,
- право на учество во Собрание.

Право на информација, учество и гласање

Член 26

Материјалите за Собранието се достапни на акционерите во рокови и на начин утврдени со закон и овој Статут, преку:

- веб-страницата на Друштвото,
- Македонската берза,
- други законски предвидени канали.

Секој акционер има право:

- да учествува на Собранието лично или преку полномошник;
- да поставува прашања поврзани со точките од дневниот ред;
- да добие одговор на поставените прашања на самата седница или во законски утврден рок.

Доколку техничките и законските услови го дозволуваат тоа, Друштвото може да овозможи:

- електронско учество,
- електронско гласање,
- гласање по пошта, согласно закон и интерни акти.

Правото на глас не може да биде ограничено, освен во случаи утврдени со закон.

(14)Глава V станува глава VI

(15)Во Член 27 став 2 од членот се менува и гласи:
Органи на Друштвото се Собрание на акционери, Надзорен Одбор и Управен Одбор.

(16)Поднасловот 1 на глава VI се менува и гласи: „Собрание на акционери“

(17)Членовите 34 до 39 се бришат и на нивно место се запишуваат членовите:

Собрание на акционери

Член 28

Собранието на акционери е највисок орган на Друштвото.

Собранието одлучува за прашања утврдени со закон и со овој Статут, а особено за:

1. измена и дополнување на Статутот;
2. зголемување и намалување на основната главнина;
3. избор и разрешување на членови на Надзорниот одбор;
4. одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и распределба на добивката;
5. назначување ревизор;
6. статусни промени, трансформација и престанок на Друштвото;
7. други прашања утврдени со закон.

Собранието не може да презема надлежности што со закон се дадени на друг орган, освен во случаи изречно утврдени со закон.

Собранието ја оценува работата на Надзорниот и Управниот одбор врз основа на поднесените извештаи.

Свикување и одржување на Собранието

Член 29

Собранието може да биде редовно и вонредно.

Редовното Собрание се одржува најмалку еднаш годишно, во рок утврден со закон.

Собранието го свикува Управниот одбор со објавување на јавен повик и обезбедување на сите потребни материјали, согласно закон.

Управниот одбор е должен да свика Собрание и на барање на акционери кои поседуваат законски утврден процент од основната главнина.

Собранието може да се одржи и со користење средства за електронска комуникација, доколку се исполнети законските услови.

Со седницата претседава Претседавач, избран за конкретната седница.

Претседавачот го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата.

За Претседавач може да биде избран секој акционер или лице кое застапува акционер, освен член на Управниот или Надзорниот одбор.

Право на учество и одлучување

Член 30

Право на учество и гласање имаат акционерите кои се евидентирани во Централниот депозитар на хартии од вредност на датумот на евиденција утврден во јавниот повик.

Акционерите можат да учествуваат лично или преку полномошник, согласно закон.

Собранието може полноважно да одлучува ако се исполнети условите за кворум утврдени со закон.

Одлуките се донесуваат со мнозинство утврдено со закон или со овој Статут.

За работата на Собранието се води записник согласно закон.

Годишно и Вонредно собрание

Член 31

Друштвото одржува Годишно собрание на акционери еднаш годишно, во рок утврден со Законот за трговските друштва по завршување на деловната година.

На Годишното собрание задолжително се разгледуваат и одлучуваат:

- годишната сметка и финансиските извештаи;
- годишниот извештај за работењето;
- извештајот на Надзорниот одбор;
- распределба на добивката или покривање на загубата;
- одобрување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор;
- избор на овластен ревизор;
- други прашања утврдени со закон или Статут.

Вонредно собрание се свикува кога тоа го бара интересот на Друштвото, во случаи и постапка утврдени со закон.

Јавен повик за свикување на Собранието

Член 32
Собранието се свикува со објавување на јавен повик во рок и на начин утврден со закон.
Јавниот повик го објавува Управниот одбор.
Јавниот повик содржи:
- фирма и седиште на Друштвото;
- датум, време и место на одржување;
- целосен дневен ред;
- пресечен датум на евиденција на акционерите со право на глас;
- услови за учество и гласање;
- начинот на увид во материјалите;
- информации за правата на акционерите.

Јавниот повик и материјалите се објавуваат на веб-страницата на Друштвото и на интернет страницата на Македонската берза, и во еден дневен весник, согласно закон.
Акционери кои поседуваат законски утврден процент од основната главнина имаат право да предложат дополнување на дневниот ред во рок и постапка утврдени со закон.

Право на учество и електронско учество
Член 33
Со одлука на Управниот одбор, доколку се исполнети техничките и законските услови, може да се овозможи:
- електронско учество на Собранието,
- електронско гласање
- гласање пред одржување на седницата.

Одлуката се наведува во јавниот повик.

Право на прашања и еднаков третман
Член 34
Секој акционер има право на Собранието да поставува прашања поврзани со точките од дневниот ред.
Органите на Друштвото се должни да дадат одговор, освен ако со закон не е поинаку утврдено или ако одговорот би предизвикал штета за Друштвото.
Информациите дадени на поединечен акционер се достапни и за сите други акционери.
Друштвото обезбедува еднаков третман и еднаков пристап до информации за сите акционери.

Кворум, мнозинство и судир на интерес
Член 35
Секоја обична акција дава право на еден глас, освен ако со закон не е поинаку утврдено.
Собранието може полноважно да одлучува ако е исполнет кворумот утврден со закон.
Одлуките се донесуваат со мнозинство утврдено со закон или со Статут.
Акционерот нема право на глас во случаи утврдени со закон, особено кога одлуката се однесува на правна работа или прашање во кое има личен интерес.

Записник и објавување одлуки
Член 36
За работата на Собранието се води записник согласно закон.
Кога Собранието одлучува за прашања што се запишуваат во Трговскиот регистар, записникот го води нотар.
Донесените одлуки и резултатите од гласањето се објавуваат на веб-страницата на Друштвото и на интернет страницата на Македонската берза во законскиот рок.

(18)Членовите од 40 до 48 се менуваат и гласат:
Состав

Член 37
Надзорниот одбор се состои од 5 (пет) членови.
Членовите ги избира и разрешува Собранието.
Најмалку еден член е независен член, согласно закон.

Независен член
Член 38
Независен член е лице кое нема деловни, финансиски, сопственички или други односи со Друштвото, неговите поврзани лица или значајни акционери што би можеле да влијаат врз неговата независност.
За независен член не може да биде избрано лице кое:
- било член на Управниот одбор во последните 5 години;
- било вработено во Друштвото во последните 3 години;
- е значителен акционер или негов претставник;
- има значајни деловни односи со Друштвото;
- е поврзано лице со член на органите на Друштвото.

Независноста се утврдува при изборот и се преиспитува најмалку еднаш годишно.

Мандат
Член 39
Членовите на Надзорниот одбор се избираат за мандат од 5 (пет) години, со право на повторен избор.
Мандатот на член на Надзорниот одбор престанува со:
- истек на мандатот;
- разрешување од Собранието;
- оставка;
- смрт;
- престанок на условите за вршење функција;
- други случаи утврдени со закон.

Член може да биде разрешен пред истекот на мандатот со одлука на Собранието.

Надлежности
Член 40
Надзорниот одбор врши надзор над управувањето со Друштвото од страна на Управниот одбор.
Надзорот се врши особено преку:
- разгледување и усвојување редовни и вонредни извештаи за работа на Управниот одбор;
- именување и разрешување членови на Управниот одбор;
- разгледување на годишната сметка и финансиските извештаи;
- разгледување на извештаи од внатрешна ревизија;
- разгледување на извештајот на ревизорот;
- носење одлуки за надоместокот и договорите со членовите на Управниот одбор;

Надзорниот одбор до Собранието поднесува годишен извештај за својата работа.
Извештајот треба да содржи најмалку:
- резултати од надзорот над управувањето
- став по годишната сметка
- став по финансиските извештаи
- став по предлогот за распределба на добивката

Надзорниот одбор во извештајот може да даде и мислење за спроведувањето на: Кодексот на корпоративно управување со друштвото, оценка на ситемот за внатрешна контрола, оценка на извршувањето на стратегијата, како и оценка на работата на Управниот одбор.

Надзорниот одбор врши годишна самооценка на својата работа.
Претседателот на Надзорниот одбор, во име на Друштвото, ги склучува договорите со членовите на Управниот одбор.

Претседател
Член 41
Надзорниот одбор од своите редови избира Претседател.
Претседателот на Надзорниот Одбор:
- ги закажува и свикува седниците;
- предлага дневен ред;
- раководи со седниците;
- се грижи за правилното функционирање на Одборот;
- го потпишува записникот и одлуките;
- го претставува Надзорниот одбор.

Деловник
Член 42
Надзорниот одбор работи согласно Деловник за работа.
Деловникот се усвојува на првата седница по конституирањето на Надзорниот одбор.
Со Деловникот се уредуваат начинот на свикување, кворум, одлучување, водење на записници, документација и други прашања поврзани со работата на одборот.

Комисии и делегирање
Член 46
Надзорниот одбор може да формира постојани или привремени комисии и одбори за разгледување на одделни прашања од својата надлежност.
Комисиите можат да бидат составени од членови на Надзорниот одбор и/или по потреба надворешни стручни лица.
Надзорниот одбор може да делегира определени надлежности на комисиите и одборите, без пренесување на својата законска одговорност.

Седници и записник
Член 47
Надзорниот одбор работи на седници.
Надзорниот одбор може полноважно да одлучува ако присуствува мнозинство од членовите. Одлуките се донесуваат со мнозинство од присутните членови.
За секоја седница се води записник.
Записникот од претходната седница се усвојува на првата наредна седница.
Записникот го потпишува Претседателот на Надзорниот одбор.
Сите активности, заклучоци и одлуки на Надзорниот одбор се документираат и архивираат.

Судир на интерес и одговорност
Член 48
Секој член на Надзорниот одбор е должен да пријави судир на интерес и да се изземе од расправа и гласање по тоа прашање.
Членовите на одборот ја вршат функцијата совесно и одговараат за штета согласно закон.
Надзорниот одбор постапува во согласност со принципите на независност, транспарентност и заштита на интересите на сите акционери.

(19)Поднасловот 3, од глава 6, се менува и гласи „Управен одбор“

(20)Текстот на членовите од 49 до 64 се менува и гласи:
Состав
Член 49
Управниот одбор се состои од 7 (седум) членови.
Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Надзорниот одбор.

Еден од членовите се именува за Претседател на Управниот одбор, кој е истовремено и Генерален директор на Друштвото.
а член на Управниот одбор може да биде избрано деловно способно физичко лице кое ги исполнува условите утврдени со закон и со овој Статут.
За член на Управниот одбор не може да биде избрано лице кое:

- е осудено со правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или службената должност, додека траат правните последици од осудата;
- има изречена мерка забрана за вршење дејност или функција;
- е член на орган на управување или надзор во конкурентско друштво, освен со претходна согласност на Надзорниот одбор;
- има судир на интерес што трајно го прави неспособно за независно вршење на функцијата.

Членовите на Управниот одбор треба да поседуваат соодветно образование, професионално искуство и стручни компетенции релевантни за дејноста и работењето на Друштвото.
При изборот се води сметка за интегритетот, угледот, професионалната компетентност и способноста за посветено вршење на функцијата.
Со членовите на Управниот одбор се склучува писмен менаџерски договор со кој се уредуваат правата, обврските, одговорностите и надоместокот за вршење на функцијата, согласно закон.
Договорот во име на Друштвото го склучува Претседателот на Надзорниот одбор, врз основа на одлука на Надзорниот одбор.
Член на Управниот одбор може, покрај договорот со Друштвото, да има склучено договор за управување или работен однос со друштво во кое Друштвото има учество или кое е негово зависно друштво, во согласност со закон и со претходна согласност од Надзорниот одбор.
Со договорот може да се уредат и прашања поврзани со доверливост, забрана за конкуренција и други прашања од значење за вршењето на функцијата.

Мандат
Член 50
Членовите на Управниот одбор се избираат за мандат од 5 (пет) години, со право на повторен избор.
Мандатот престанува со:

- истек на мандат /престанок на договор;
- разрешување од Надзорниот одбор;
- оставка;
- смрт;
- престанок на услови утврдени со закон;
- други случаи утврдени со закон.

Положба и надлежности
Член 51
Управниот одбор го води и управува Друштвото и го претставува во правниот промет.
Управниот одбор во рамки на своите надлежности:

- ја утврдува стратегијата и деловната политика;
- донесува деловни и финансиски планови;
- го организира работењето на Друштвото;
- го свикува Собранието;
- ги подготвува годишната сметка и финансиските извештаи;
- обезбедува точност и законитост на финансиското известување;
- воспоставува систем на внатрешна контрола, управување со ризици и усогласеност;
- обезбедува развој и имплементација на долгорочна стратегија за одржлив развој и општествена одговорност;

- донесува одлуки потребни за редовното и континуирано работење;
- врши други работи утврдени со закон и Статут.

Член 52
Членовите на Управниот одбор одговараат солидарно за штета предизвикана со повреда на своите должности, освен ако докажат дека постапувале совесно и со должно внимание.

Претседател – Генерален директор
Член 53
Претседателот на Управниот одбор е главен извршен орган на Друштвото.
Претседателот на Друштвото го застапува и претставува Друштвото без ограничување и:
- ја организира и раководи целокупната оперативна работа;
- ја спроведува стратегијата и одлуките на Управниот одбор;
- донесува одлуки од тековното работење;
- склучува договори и презема правни дејствија во рамки на редовното работење;
- одлучува за вработување, распоредување и престанок на работен однос;
- донесува одлуки за плати и награди на вработените во рамки на одобрените планови;
- донесува интерни акти, политики и процедури неопходни за работењето;
- обезбедува спроведување на законските и регулаторните обврски.

Претседателот обезбедува воспоставување на корпоративна култура заснована на етичко работење, интегритет и усогласеност со закон.

Претседателот постапува самостојно во рамките на своите овластувања и редовно го информира Управниот одбор и Надзорниот одбор.

Член 54
Управниот одбор работи на состаноци кои се одржуваат по потреба.
Состаноците ги свикува Претседателот.
Управниот одбор може полноважно да одлучува ако присуствува мнозинство од членовите.
Одлуките се донесуваат со мнозинство од присутните членови, освен ако со закон или Статут не е поинаку утврдено.

Член 55
Управниот одбор може да донесува одлуки без одржување состанок, по писмен пат или со користење средства за електронска комуникација, ако сите членови се согласат.

Член 56
За секој состанок на Управниот Одбор се води записник.
Записникот го потпишува Претседателот.

Член 57
Член на Управниот одбор е должен да пријави постоење на личен интерес и да се изземе од расправа и одлучување, согласно закон.

Член 58
Управниот одбор редовно го информира Надзорниот одбор за работењето, финансиската состојба, ризиците и значајните настани во Друштвото.
Известувањето вклучува информации за реализација на стратегијата, управување со ризици, ликвидност, значајни правни постапки и усогласеност со берзанските правила.

Член 59
Управниот одбор обезбедува изготвување и навремено објавување на годишната сметка,

финансиските извештаи, полугодишните и кварталните извештаи, извештајот за корпоративно управување и нефинансиското известување, согласно закон.

Член 60
Управниот одбор обезбедува навремено, точно и целосно информирање на акционерите и јавноста, во согласност со закон и правилата на Македонската берза.

Член 61
Управниот одбор обезбедува воспоставување соодветна организациска структура и систем на управување со ризици, внатрешна контрола и усогласеност со регулативата.

Член 62
Управниот одбор работи согласно Деловник за работа кој го усвојува на првата седница по именувањето.

Член 63
Стандард на постапување
Членовите на Управниот одбор се должни да постапуваат совесно, со должно внимание и во најдобар интерес на Друштвото и акционерите.

Член 64
Членовите на Управниот одбор одговараат за својата работа согласно закон.

(21)Глава VI станува глава VII

(22)Член 65 се менува и гласи:

Друштвото воспоставува функција на внатрешна ревизија како независна и објективна активност за уверување и советување, насочена кон подобрување на работењето и управувањето со ризици.
Внатрешната ревизија врши континуирана оценка на:
– ефективноста на системите на внатрешна контрола;
– управувањето со ризици;
– усогласеноста со закон, подзаконски акти и интерни правила;
– примената на Кодексот за корпоративно управување.
Внатрешната ревизија има функционална независност и директен пристап до Надзорниот одбор.
Внатрешната ревизија функционално одговара пред Надзорниот одбор, а административно пред Управниот одбор.
Друштвото може да воспостави посебна функција за корпоративно управување и усогласеност (compliance), која ќе обезбедува:
– следење на усогласеноста со закон и регулатива;
– следење на примената на Кодексот за корпоративно управување;
– советување на органите на Друштвото во врска со регулаторни обврски;
– известување до Надзорниот и Управниот одбор.
Начинот на организација и работа на внатрешната ревизија и функцијата за корпоративно управување се уредуваат со интерни акти.

Член 66 се менува и гласи:
Статутот е највисок општ акт на Друштвото.
Сите други интерни акти, одлуки и постапки на органите и вработените во Друштвото мора да бидат во согласност со Статутот и закон.
Друштвото за уредување на внатрешните односи, организацијата и работењето донесува интерни акти и правила.
Друштвото донесува Стандардни оперативни процедури (СОП), со кои се уредуваат:
– деловните процеси;
– системите на внатрешна контрола;

- управувањето со ризици;
- распределбата на одговорности;
- постапките за усогласеност со закон и регулатива.

СОП и другите интерни акти мора да бидат усогласени со Статутот и се задолжителни за сите органи и вработени.
Органите на Друштвото се должни да обезбедат редовно ажурирање, примена и надзор над спроведувањето на интерните акти и СОП.

(23)Членовите од 67 до 73 се дополнуваат и гласат:

Трговски книги
Член 67
Друштвото води трговски книги и деловна документација во согласност со закон, сметководствени стандарди и други применливи прописи.
Трговските книги се водат уредно, точно и ажурно, така што ја прикажуваат вистинската и објективна финансиска состојба на Друштвото.
Управниот одбор е одговорен за правилното водење на трговските книги.

Годишна сметка и финансиски извештаи
Член 68
По завршување на деловната година, Управниот одбор изготвува годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работењето во рок утврден со закон.
Финансиските извештаи се изготвуваат согласно важечките сметководствени стандарди и законската регулатива.
Управниот одбор изготвува и извештај за корпоративно управување, во согласност со Кодексот за корпоративно управување и принципот „примени или објасни“.
Доколку Друштвото е обврзник согласно закон, изготвува и извештај за нефинансиско известување (ESG).

Законска и други резерви
Член 69
Друштвото е должно од нето добивката за деловната година да издвојува средства во законска резерва, во согласност со Законот за трговските друштва.
Во законската резерва се издвојува најмалку законски утврдениот процент од нето добивката, сè додека резервата не достигне законски пропишаниот износ во однос на основната главнина.
Предлогот за издвојување средства во законска резерва, како и предлогот за формирање други резерви, го поднесува Управниот одбор.
Одлуката за издвојување во законска резерва и за формирање други резерви ја донесува Собранието на акционери.
Законската резерва може да се користи само во случаи и на начин утврдени со закон.

Ревизија
Член 70
Годишната сметка и финансиските извештаи подлежат на ревизија од овластен независен ревизор, во согласност со закон.
Ревизорот го избира Собранието по предлог на Надзорниот одбор.
Ревизорот се избира за период утврден со закон, но не подолг од 5 (пет) последователни години.
По истекот на периодот од став (3), Друштвото избира нов ревизор.

Усвојување и распределба на добивка
Член 71
Надзорниот одбор ја разгледува годишната сметка, финансиските извештаи и извештајот на ревизорот и поднесува писмен извештај до Собранието.
Собранието, по предлог на Управниот одбор и по разгледување на извештајот на Надзорниот одбор, ја усвојува годишната сметка и одлучува за:

– распределба на добивката;
– покривање на загубата;
– издвојување во законска резерва;
– формирање други резерви;
– исплата на дивиденда.

Периодично и берзанско известување
Член 72
Друштвото изготвува и објавува квартални и полугодишни финансиски извештаи, во согласност со закон и правилата на Македонската берза.
Управниот одбор е одговорен за точноста и навременоста на периодичното известување.
Друштвото, како котирано друштво, навремено ја информира Македонската берза и јавноста за значајни настани и информации кои можат да влијаат врз цената на хартиите од вредност.

Чување и транспарентност
Член 73
Трговските книги, финансиските и нефинансиските извештаи и ревизорските извештаи се чуваат во рок и на начин утврдени со закон.
Друштвото обезбедува вистинито, целосно и транспарентно финансиско и нефинансиско известување, во согласност со закон и Кодексот за корпоративно управување.

(24) Глава VII станува глава VIII.
Членовите 74 и 75 се дополнуваат и гласат:
Обврски за објавување и известување
Член 74
Друштвото, како котирано друштво, обезбедува навремено, точно, вистинито и целосно објавување на информации во согласност со Законот за трговските друштва, Законот за хартии од вредност, подзаконските акти, правилата за котација и известување на Македонската берза и овој Статут.
Друштвото е должно веднаш да ја информира јавноста за сите значајни информации и настани кои можат да имаат влијание врз цената на хартиите од вредност, согласно регулативата за ценовно чувствителни информации.
Објавувањето се врши преку:
– електронскиот систем на Македонската берза;
– веб-страницата на Друштвото;
– други средства предвидени со закон.
Друштвото обезбедува еднаков пристап до информации за сите инвеститори и акционери.
Управниот одбор е одговорен за воспоставување систем за континуирано и законито известување на јавноста.
Друштвото обезбедува објавување на ценовно чувствителни информации без одлагање, согласно закон и правилата на Македонската берза.

Право на увид, транспарентност и заштита на доверливи информации
Член 75
Акционерите имаат право на увид во актите, извештаите и другите документи на Друштвото, во согласност со Законот за трговските друштва и правилата на пазарот на хартии од вредност.
Увидот се остварува во седиштето на Друштвото или по електронски пат, доколку тоа е овозможено, врз основа на писмена најава.
Друштвото може да ограничи или одбие увид во информации кои претставуваат деловна тајна, доверлива или ценовно чувствителна информација, доколку нивното објавување би било спротивно на закон или би можело да предизвика штета.

Акционерот е должен добиените информации да ги користи во согласност со закон и не смее да ги злоупотребува, особено во однос на пазарот на хартии од вредност. Друштвото постапува во согласност со принципите на транспарентност, интегритет на пазарот и заштита на инвеститорите.

(25)Членовите 76 и 77 се дополнуваат и гласат:

Зголемување на основната главнина
Член 76
Основната главнина на Друштвото може да се зголеми со одлука на Собранието на акционери, донесена со мнозинство утврдено со закон.
Зголемувањето на основната главнина може да се врши:
со нови парични влогови;
– со непарични влогови;
– со претворање на резерви и нераспределена добивка во основна главнина;
– со условно или одобрено зголемување, во случаи дозволени со закон.
При зголемување на основната главнина со нови акции, постојните акционери имаат право на првенствено запишување, освен ако Собранието одлучи поинаку во случаи дозволени со закон.
Доколку во Статутот се наведени износот на основната главнина, бројот на акции и нивната номинална вредност, секоја промена на тие податоци претставува измена на Статутот.
Во случај од став (4), одлуката за зголемување на основната главнина содржи и одлука за измена на Статутот и се донесува со мнозинство утврдено за измена на Статут, со нотарски записник.
Зголемувањето на основната главнина произведува правно дејство со упис во Трговскиот регистар.
Друштвото обезбедува навремено известување и објавување во согласност со закон и правилата на Македонската берза.

Намалување на основната главнина
Член 77
Основната главнина може да се намали со одлука на Собранието, донесена со мнозинство утврдено со закон.
Намалувањето може да се врши:
поради покривање на загуба;
– со пренос во резерви;
– со повлекување и поништување акции;
– на друг начин дозволен со закон.
Одлуката за намалување мора да ја содржи целта, начинот и износот на намалувањето.
Доколку намалувањето влијае врз износот на основната главнина, бројот на акции или нивната номинална вредност утврдени во Статутот, истото претставува измена на Статутот.
Во случај од став (4), одлуката се донесува со мнозинство утврдено за измена на Статут и се составува нотарски записник.
Друштвото е должно да обезбеди заштита на доверителите согласно закон.
Намалувањето произведува правно дејство со упис во Трговскиот регистар.
Друштвото обезбедува навремено известување на јавноста и Македонската берза.

(26)Глава VII станува глава IX.
(27)Во член 78 наместо зборот „одделенија“ се запишува зборот „оддели“.
(28)После глава IX се додава нова глава X : Престанок на друштвото
(29)Се додава нов член 81 кој гласи:
Друштвото престанува:
– со одлука на Собранието на акционери, донесена со мнозинство утврдено за

измена на Статут;
- со спојување, присоединување или поделба, согласно закон;
- со отворање стечајна постапка;
- со правосилна одлука на суд;
- во други случаи утврдени со закон.

Во случај на престанок по одлука на Собранието, се спроведува постапка на ликвидација, освен ако со закон не е поинаку утврдено.
Со одлуката за престанок се именуваат ликвидатори и се уредува начинот на спроведување на ликвидацијата, во согласност со закон.
Ликвидаторите ги имаат правата и обврските утврдени со закон и се должни да ги заштитат интересите на доверителите и акционерите.
Престанокот на Друштвото произведува правно дејство со упис во Трговскиот регистар.
Друштвото, доколку е котирано, обезбедува навремено известување на Македонската берза и јавноста за одлуката за престанок, во согласност со применливата регулатива.

(30) Членовите 81, 82,83 и 84 стануваат 82, 83, 84,и 85 следствено.

(31) Се овластува Надзорниот Одбор да изготви пречистен текст на Статутот врз основа на оваа одлука.

(32) Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Образложение

Управниот одбор на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, на 18.2.2026 година ја разгледа иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје. Иницијативата за измена и дополнување на Статутот произлегува со цел негово целосно усогласување со последните измени на Законот за трговските друштва, Законот за хартии од вредност и применливата берзанска регулатива. Измените имаат за цел зајакнување на транспарентноста, одговорноста на органите на управување и заштитата на правата на акционерите. Во Статутот се инкорпорираат современи принципи на корпоративно управување, вклучително и обврски за периодично и нефинансиско известување. Дополнително, се прецизираат одредбите за финансиско известување, законски резерви, ревизија и објавување на ценовно чувствителни информации. Со тоа се обезбедува модерна, јасна и берзански усогласена рамка за функционирање на Друштвото. и ја поднесува како предлог до Собранието на акционери на усвојување.
Надзорниот одбор на Друштвото, на својата седница одржана на 25.2.2026 година, даде препорка до Собранието за усвојување на предложените промени.

Собранието на акционери, по разгледување на предложените измени од страна на Управниот Одбор, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.